РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4017/7

21-10-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 51 - 54 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 34 ст.1 алинеа 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и чл. 8-а ст.1 алинеа 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), на 53-тата седница одржана на ден 20.10.2021 година, во присуство на овластен претставник на подносителот на приговорот – ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија", предводена од ВМРО-ДПМНЕ за Локални избори 2021, со уредно овластување од 19.10.2021 година, и во отсуство на овластен претставник на јавната институција против којашто е поднесен приговорот – уредно повикан, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1) Приговорот поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДПМНЕ и Коалиција „Обнова на Македонија", предводена од ВМРО-ДПМНЕ за Локални избори 2021, застапувана од овластено лице Ѓорѓија Сајкоски, до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под архивски број 12-4017/1 од 15.10.2021 година, против Владата на Република Северна Македонија, поради повреда на член 34 ст.1 алинеа 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и чл. 8-а ст.1 алинеа 2 од Изборниот законик, со наводи дека по распишување на Локалните избори 2021 година со Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и советот на Град Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје 2021 година, на нејзината 111-та седница одржана на ден 13.10.2021 година, Владата донела 160 одлуки за давање на согласност на договор за доделување на финансиска поддршка на 160 правни лица врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции (Службен весник на РСМ, бр. 178/21) од 04.08.2021 година, **СЕ ОДБИВА**.

2) Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

3) Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој приговор ќе се објави на нејзината интернет страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави до подносителот на приговорот и до јавната институција против којашто е поднесен приговорот.

4) Предметот број 12-4017/1 од 2021 година се затвора и се архивира.